Бр./Nr 12-2249/2

07-03-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 83-та седница одржана на 27.02.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2249/1 од 23.06.2021 година, против Градоначалник на Општина --------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-2249/1 од 23.06.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 23.06.2021 година, доставена е пријава против Градоначалник на Општина ---------- и оформен е предмет број 12-2249/1 од 23.06.2021 година.

Во пријавата се наведуваат повеќе настани кои подносителот смета дека се коруптивно однесување од страна на градоначалникот. Од ДКСК се бара да провери како наведени правни лица стануваат инвеститори, добиле одобренија за градба и кој го прибележал истото во катастар, каква улога имале одредени физички лица во посочените правни лица, како и во однос на тоа како блиски лица на градоначалникот се стекнуваат со имот.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, нема доволно податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи, односно нема информации за кои градби се работи и на кој начин споменатите лица во пријавата извршиле незаконити дејствија, а воедно нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата бидејќи станува збор за анонимна пријава.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk